Funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

# ИЗВЕШТАЈ ОД
# ФОРУМСКИ СЕСИИ: НЕГУВАЊЕ НА ПЛУРАЛИЗАМ И ЕТИКА ВО МЕДИУМИТЕ И НОВИНАРСТВОТО

27.12.2024, СТРУМИЦА



Здружение на новинарите на Македонија

EFJ FEP European Federation of Journalists

Иницијатива за ЕВРОПСКА ПЕРСПЕКТИВА

НОВУС

Медија Флеш

# Содржина:


........................................................................................................ 1

1. Вовед ........................................................................................ 3

2. Главен дел ................................................................................ 4

Структура и водење на форумот ......................................................... 4

Клучни дискусии и анализи ............................................................... 4

3. Работни групи и акциски планови ...................................................... 6

ОБЛАСТ 1: Млади и младински политики .............................................. 6

Цели: ........................................................................................... 6

ОБЛАСТ 2: Туризам ....................................................................... 7

Цели: ........................................................................................... 7

ОБЛАСТ 3: Животна средина ............................................................ 8

Цели: ........................................................................................... 8

ОБЛАСТ 4: Технологија и дигитална трансформација ............................... 9

Цели: ........................................................................................... 9

Област 5: Образование и обука ......................................................... 11

Цели: ........................................................................................... 11

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ: ............................................................ 13

ЗАКЛУЧОЦИ: ................................................................................ 13

ПРЕПОРАКИ: ................................................................................ 15

ЗАКЛУЧОК: ................................................................................. 17

# 1. Вовед

Проектот "Информирана Локална Заедница: Медиумска Писменост и Етичко Известување според ЕУ стандарди" има за цел да изгради локални перспективи за европска интеграција преку зајакнување на медиумската и дигиталната писменост, етичко информирање и подобрување на стандардите за квалитетно новинарство во Струмичкиот микро-регион.

Општата цел на проектот е да се надмине недостатокот на информации за Европската унија (ЕУ) на национално и локално ниво, што претставува значителна пречка за успешните процеси на европска интеграција. Обезбедувањето точни и објективни информации за целите и политиките на ЕУ ќе ја зголеми информираноста и ангажираноста на граѓаните и локалните актери во процесите на интеграција.

**Специфични цели:**

- Зајакнување на капацитетите на локалните медиумски организации, електронски портали и новинари од Струмичкиот микро-регион и национално ниво.
- Развивање и имплементирање на програми и кампањи за медиумска и дигитална писменост, кои ќе ги вклучат директните и индиректните корисници, особено младите.
- Поттикнување на јавната свест преку соработка со релевантни чинители и локални авторитети, со цел градење платформа за локални перспективи за европска интеграција.
- Едукација на граѓаните и младите со фокус на вештини и алатки кои ќе им овозможат активно учество во процесите на европска интеграција.

Форумот, како една од клучните активности за овој проект, одигра клучна улога во поттикнувањето на дискусиите за значењето на Кодексот на новинарите, неговата примена, како и улогата на медиумите и граѓанските организации во заштита на јавниот интерес и пренесување на точни и навремени информации. Организиран на 27 декември 2024 година, форумот го собра локалното медиумско и граѓанско општество за да ги идентификува предизвиците и можностите за унапредување на медиумските стандарди преку практични активности и етички пристап. Овој настан го постави темелот за развивање на акциски планови кои се усогласени со целите на проектот и европските стандарди за медиумска етика.

# 2. Главен дел

## Структура и водење на форумот

Форумот собра 20 учесници – локални новинари, медиумски професионалци и претставници на организации кои секојдневно работат, односно ги користат медиумите. Настанот започна со презентација за Кодексот на новинари, што содржи тој, зошто е важен и какво е неговата примена. Додадена вредност на форумот беше присуството на Регионалните координатор на ЗНМ, активни новинари и членови на ЗНМ. Покрај тоа, учесниците дискутираа за неговата важност, локалните и европските примери за етичко новинарство (известување во согласност со Кодексот на новинари), како и улогата на граѓанските организации во поддршка на медиумите и извршување на улогата на “watch dog”. Во рамки на форумот, учесниците беа поделени во пет работни групи за да дискутираат и креираат акциски планови за приоритетните области: млади и младински политики, животна средина, туризам, технологија и дигитална трансформација и образование и обука.

## Клучни дискусии и анализи

За време на форумот, но и за полесно и покреативно модерирање, беше користена онлајн платформата Mentimeter со цел да се поттикне интерактивноста и да се добијат мислења од сите учесници. Mentimeter овозможи собирање на непосредни одговори на неколку клучни прашања:

- **Што е Кодексот на новинарите и зошто е важен?**
  - Одговори: "Conditio sine qua non"; "Секој човек е медиум"; "Медиумите често го игнорираат"; "Не сум запознаен со Кодексот".
- **Што е етичко новинарство (известување во согласност со Кодексот на новинари)?**
  - Клучни елементи: транспарентност, доверба, вистинитост, информирање.
- **Најважен принцип од Кодексот:**
  - Рангирање на одговорите: Објективност (5 гласа), Точност (2 гласа), Избегнување сензационализам (1 глас).
- **Најголеми предизвици за почитување на Кодексот:**
  - Недостаток на ресурси (5 гласа), притисоци од социјалните медиуми (1 глас), дезинформации и лажни вести (1 глас).

Mentimeter беше користен за да се обезбеди отворена дискусија и да се соберат идеи кои подоцна ќе бидат интегрирани во групната работа. По завршувањето на интерактивниот дел, учесниците беа поделени во пет групи. Секоја група работеше на една од петте приоритетни области, развивајќи акциски планови со

конкретни активности и идентификувани засегнати страни. Целта на оваа работа беше да се поставаат основите за идни чекори кои ќе придонесат за унапредување на медиумската етика и квалитет, но и подобрување на севкупниот стандард.

# 3. Работни групи и акциски планови

Учесниците беа поделени во пет групи за да работат на следните приоритетни области и подтеми, кои беа избрани преку гласање:

# ОБЛАСТ 1: Млади и младински политики

## Цели:

1. Зголемување на знаењето кај младите за медиуми, препознавање на дезинформации и етичко известување.

2. Искористување на знаењето на младите за дигитално новинарство.

3. Унапредување на медиумските стандарди преку критичко размислување и образование.

| Активност | Временска рамка | Одговорни лица | Индикатори за успех | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| Воведување на посебен предмет за медиумска писменост со фокус на критичко размислување | До 2027 | МОН, БРО, НВО, образовни институции, наставници | Воведени предмети во 50% од училиштата до 2027 година | Владин буџет, грантови од меѓународни организации |
| Организација на работилници/обуки за размена на искуства помеѓу млади и новинари | 2025-2026 | НВО, новинари, млади, образовни институции | Одржани најмалку 10 работилници со учество на 500 млади | Грантови од ЕУ, приватни спонзори |
| Развивање на дигитална платформа за младите за прикачување вести со одобрение од новинари | 2025-2026 | НВО, новинари, ИТ експерти, МОН, платформи за новинарство | Лансирана платформа со најмалку 1000 регистрирани корисници | Донаторски програми, ИТ компании |
| Организирање на јавни настани и дебати за медиумска писменост и етичко новинарство | 2025-2027 | НВО, млади, новинари, медиумски куќи, институции | Одржани најмалку 15 јавни настани со учество на 1000 лица | Локални власти, спонзори |
| Спроведување програми за едукација за критичко размислување и препознавање дезинформации во училиштата | 2025-2026 | МОН, БРО, наставници, НВО, новинари | Вклучени 70% од средните училишта во програмите | Владин буџет, грантови од УНИЦЕФ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Интерни обуки за новинари на теми за медиумска етика, критичко размислување и запознавање со младински предлози | 2025-2026 | НВО, новинари, МОН | Обучени најмалку 200 новинари | Грантови од меѓународни медиумски организации |

# ОБЛАСТ 2: Туризам

## Цели:

1. Афирмација на туристичките дестинации преку лоцирање и позитивно претставување на културните обележја и туристичките ресурси.

2. Поддршка на туристичкиот развој преку навремено известување за културни настани, празници и културни објекти.

3. Подобрување на видливоста на дестинациите преку медиумски кампањи и информативни програми.

| Активност | Временска рамка | Одговорни лица | Индикатори за успех | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| Навремено известување за културни настани, празници и културни објекти (пред, за време и по настаните) | 2025-2027 | Медиуми, локални власти, НВО, туристички организации | Објавени најмалку 50 статии и 20 видеа годишно | Владин буџет, спонзорства од локални компании |
| Создавање и дистрибуција на медиумски содржини (видеа, статии, блогови) кои ги афирмираат туристичките дестинации | 2025-2026 | Медиуми, туроператори, локални бизниси | Создадени 100+ медиумски содржини со најмалку 500,000 прегледи | Приватен сектор, грантови од ЕУ |
| Организација на информативни кампањи и промоции за културни објекти и настани | 2025-2027 | Локални власти, НВО, туристички организации, медиуми | Одржани 10 кампањи со вклученост на 100,000 лица | Владин буџет, партнерства со туристички агенции |
| Промоција на културни настани преку | 2025-2027 | Медиуми, туроператори, НВО | Зголемен број на следачи за 30% на | Социјални медиумски |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| социјални медиуми и други платформи за максимална изложеност | | | профилите поврзани со туризам | партнери, грантови |
| Интервјуа со локални бизнисмени, туристички водичи и други експерти за промоција на локалните туристички ресурси | 2025-2026 | Медиуми, бизниси, локални експерти | Објавени најмалку 20 интервјуа со локални експерти | Спонзорства, грантови од меѓународни туристички организации |

# ОБЛАСТ 3: Животна средина

## Цели:

1. Подигање на свеста за важноста на известувањето за локалните еколошки проблеми.
2. Притискање на медиумите и институциите за зголемена покриеност и транспарентност за еколошките прашања.
3. Поддршка за граѓански активизам и јавни кампањи за подобра заштита на животната средина.

| Активност | Временска рамка | Одговорни лица | Индикатори за успех | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| Организација на граѓански активизам за подигнување на свеста за локалните еколошки проблеми | 2025-2027 | НВО, млади, граѓански организации | Најмалку 10 организирани акции и настани годишно | Грантови, локални донатори |
| Спроведување на медиумски кампањи за важноста на известувањето | 2025-2026 | НВО, медиуми, локални иницијативи | Создадени 50+ медиумски содржини со најмалку | Приватен сектор, меѓународни фондации |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| за еколошки проблеми | | | 200,000 прегледи | |
| Изработка на критички извештаи за недостатокот на известување за локалните еколошки проблеми | 2025-2026 | НВО, новинари, активисти, граѓански организации | Објавени 15+ извештаи годишно | Фондови за истражувачко новинарство, грантови |
| Организација на средби за координација на дејствија и притисок врз медиумите и институциите | 2025-2026 | НВО, институции, новинари, локални власти | Одржани најмалку 5 средби со медиуми и институции годишно | Буџет на НВО, поддршка од амбасади |
| Јавни кампањи за транспарентност и пристап до информации за еколошките проблеми | 2025-2027 | НВО, медиуми, јавни институции | Зголемен број на истражувачки новинарски стории за 30% | Поддршка од меѓународни организации, владини грантови |
| Обуки и кампањи за едукација на медиумите за покривање на локалните еколошки проблеми | 2025-2026 | НВО, медиуми, новинари, образовни институции | Обучени најмалку 100 новинари и студенти | Универзитети, фондации, медиумски партнерства |

# ОБЛАСТ 4: Технологија и дигитална трансформација

## Цели:

1. Анализа на подготвеноста на медиумите за дигитална трансформација.
2. Зголемување на капацитетите на медиумските работници за онлајн новинарство.

3. Поттикнување на медиумите кон користење на нови дигитални алатки и технологии.
4. Обезбедување поддршка за транзиција од традиционални кон дигитални медиуми.

| **Активност** | **Временска рамка** | **Одговорни лица** | **Индикатори за успех** | **Извори на финансирање** |
|---|---|---|---|---|
| Спроведување истражување за подготвеноста на македонските медиуми за дигитална трансформација | 2025 | НВО, медиуми, истражувачи, медиумски куќи, новинари | Објавен извештај со анализи од најмалку 10 медиуми | Грантови, донатори, владини фондови |
| Организирање на обуки за новинари за онлајн новинарство, користење на дигитални алатки и вештини за работа со социјални медиуми | 2025-2026 | НВО, медиумски експерти, ИТ професионалци | Спроведени најмалку 5 обуки со 50 обучени новинари | ЕУ фондови, медиумски организации |
| Развивање на дигитални ресурси (видеа, водичи, е-книги) за модернизација на медиумите | 2026 | НВО, медиумски експерти, универзитети | Креирани најмалку 3 дигитални ресурси со 100 преземања | Меѓународни фондации, ИТ компании |
| Креирање на поддржувачки фонд за дигитализација на медиумите | 2026-2027 | Медиумски куќи, донаторски организации | Формиран фонд со најмалку 5 поддржани медиуми | Владини и приватни фондови, ЕУ фондови, спонзори |
| Организација на годишен форум за размена на искуства и добри практики во дигиталното новинарство | 2026-2027 | НВО, медиуми, академска заедница, ИТ експерти | Одржани најмалку 2 форуми со 50 учесници | Локални и меѓународни донатори |

# Област 5: Образование и обука

## Цели:

1. Поттикнување на критичко размислување кај младите преку образование.
2. Подобрување на медиумската писменост и способноста за разликување помеѓу новинарство и пропаганда.
3. Обезбедување пристап до квалитетни едукативни материјали за медиумска писменост.
4. Вклучување на младите во процеси на креирање и анализа на медиумски содржини.

| Активност | Временска рамка | Одговорни лица | Индикатори за успех | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| Организирање на обуки и работилници за медиумска писменост во средни училишта и универзитети | 2025-2027 | НВО, наставници, универзитетски професори, медиумски експерти | Одржани 15+ обуки со учество на најмалку 1000 ученици и студенти | Владин буџет, ЕУ фондови, други донатори |
| Креирање на едукативни материјали (прирачници, видеа, интерактивни платформи) за критичко размислување и медиумска писменост | 2025-2026 | НВО, медиумски експерти, наставници, дигитални креатори, медиуми | Објавени најмалку 5 едукативни ресурси со 5000 корисници | Грантови од меѓународни организации, приватни компании, ЕУ фондови |
| Спроведување истражување за влијанието на медиумите врз младите и нивното ниво на | 2025 | Академска заедница, истражувачки центри, медиумски организации, | Објавен истражувачки извештај заснован на 500 | Донаторски програми, научни фондови, ЕУ фондови |

| **Активност** | **Временска рамка** | **Одговорни лица** | **Индикатори за успех** | **Извори на финансирање** |
|---|---|---|---|---|
| критичко размислување | | истражувачи, новинари | анкетирани млади | |
| Организирање дебати и јавни дискусии со новинари, студенти и експерти за разлика помеѓу новинарство и пропаганда | 2025-2026 | НВО, медиуми, универзитети, медиумски експерти | Одржани 5+ дебати со најмалку 200 учесници | Локални власти, фондации, медиумски куќи |
| Воведување изборен предмет за медиумска писменост во средните училишта | До 2027 | МОН, БРО, наставници, експерти за образование | Вклучени 50% од училиштата во програмата | Владин буџет, меѓународни грантови, спонзори |

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ:

## ЗАКЛУЧОЦИ:

1. **Намален интерес на младите за новинарството**

    - Сѐ помалку млади се заинтересирани за изучување и практикување на новинарството како професија.
    - Главните причини за оваа тенденција вклучуваат недостаток на финансиски ресурси за поддршка на младите новинари, ниски плати во медиумскиот сектор и недоволно развиена медиумска инфраструктура.
    - Недостигот од дописничка мрежа и опаѓањето на традиционалните медиуми дополнително ја намалуваат мотивацијата на младите да се вклучат во оваа професија.

2. **Недостаток на медиумска и критичка писменост кај младите**

    - Кај младите постои сериозен дефицит на знаења и вештини за критичко оценување на медиумите.
    - Ограничената застапеност на критичко размислување во формалното образование резултира со неможност за разликување на факти од дезинформации, што ги прави младите подложни на манипулација

3. **Проблеми со известување за еколошки проблеми**

    - Еколошките прашања ретко се покриени во медиумите, главно поради стравот на граѓаните да пријават проблеми, особено кога се поврзани со лични односи.
    - Недоволната свесност за важноста на еколошките теми и недостатокот од медиумски формати посветени на екологијата создаваат празнина во информирањето.

4. **Потенцијал на дигитална писменост**

    - Младите поседуваат високо ниво на дигитална писменост, што претставува значајна предност за модернизација на медиумите.
    - Познавањето на дигитални алатки и технологии може да помогне во подобрување на медиумските стандарди и развојот на новинарството.

5. **Недоволна застапеност на младите во медиумските и уредувачките структури**

    - Младите ретко добиваат можност да бидат активно вклучени во медиумите, што резултира со недостаток на иновации и свежи идеи и неинформирање за младински прашања

- Немањето на практична инволвираност и ограничените можности за професионален развој ги обесхрабруваат младите да останат во медиумската индустрија.

6. **Економска нестабилност во медиумите**
   - Младите поседуваат високо ниво на дигитална писменост, што претставува значајна предност за модернизација на медиумите.
   - Познавањето на дигитални алатки и технологии може да помогне во подобрување на медиумските стандарди и развојот на новинарството.

7. **Ограничена регионална застапеност на медиумите**
   - Постојат значителни разлики во квалитетот и обемот на медиумското известување помеѓу урбаните и руралните средини.
   - Недостатокот на дописници во помалите региони ги лишува граѓаните, а посебно младите од соодветно информирање за локалните прашања.

8. **Потреба од промоција на позитивни примери во новинарството**
   - Лошата слика за новинарството, претежно поврзана со сензационализам и непрофесионализам, ги демотивира младите да се занимаваат со оваа професија.
   - Промоцијата на успешни примери и приказни од професионални новинари може да биде значајна мотивација.

# ПРЕПОРАКИ:

**Поддршка и едукација на медиумите и новинарите**

- Организирање на работилници и обуки за етичко известување во согласност со Кодексот на новинари.
- Интеграција на теми како медиумска писменост, проверка на факти и разликување помеѓу новинарство и пропаганда во обуките.
- Обезбедување финансиска и техничка поддршка за самостојни новинари и мали медиуми.

**Мотивирање на младите за новинарската професија**

- Воведување стипендии и грантови за млади кои сакаат да изучуваат новинарство.
- Развој на менторски програми кои ќе ги поврзат младите со искусни новинари за стекнување практично искуство.
- Поттикнување на младите да користат дигитални платформи за креативно и професионално изразување.

**Поттикнување на медиумска и критичка писменост во образованието**

- Вклучување на критичкото размислување како задолжителен дел од наставните програми, со посебен акцент на медиумската писменост.
- Организирање на обуки за ученици и студенти за препознавање и справување со дезинформации.

**Промоција на еколошко известување**

- Подигнување на свеста за еколошките теми преку едукација на граѓаните и медиумските професионалци.
- Создавање медиумски формати кои ќе овозможат отворена дискусија за еколошките прашања и нудење решенија.
- Обезбедување поддршка за новинари кои известуваат за екологија.

**Инвестирање во дигитална инфраструктура**

- Инвестиции во дигитални алатки и технологии кои ќе го подобрат квалитетот на медиумското известување.
- Поттикнување на новинари и млади за креативно користење на иновативни алатки за унапредување на медиумските содржини.

**Зајакнување на регионалното известување**

- Создавање програми за поддршка на локалните дописници со цел да се подобри информирањето во руралните и помалку развиените региони.
- Поттикнување на медиумите да вложуваат во покривање на локалните теми преку грантови и финансиски стимулации.

**Соработка меѓу образовните институции и медиумите**

- Организирање практични програми и стажирања за студентите кои студираат новинарство.
- Создавање партнерства за размена на ресурси и знаења помеѓу универзитетите и медиумите.

# ЗАКЛУЧОК:

Новинарството во Македонија се соочува со бројни предизвици кои бараат интегриран и координиран пристап за нивно решавање. Намалениот интерес на младите за оваа професија, економската нестабилност на медиумите и недостатокот на медиумска писменост се само дел од сложената мрежа на проблеми кои го попречуваат развојот на квалитетно новинарство. Дополнително, ограничената застапеност на локалните и еколошките прашања во медиумите ја намалува нивната релевантност и доверба меѓу јавноста.

Сепак, постојат позитивни потенцијали кои можат да го подобрат ова поле. Високата дигитална писменост на младите и нивната способност за користење на современи технологии се можност за модернизација на медиумите. Со правилна поддршка и водство, младите можат да внесат свежи идеи, иновации и енергија во медиумската индустрија.

Клучно е образовните институции, медиумските организации, владините тела и граѓанските здруженија да преземат заеднички чекори за унапредување на медиумските стандарди. Воведувањето на програми за критичко размислување, етичко новинарство и справување со дезинформации во формалното образование, заедно со поддршката за локалните медиуми, може да создаде посилна основа за професионален развој.

Покрај тоа, потребно е да се инвестира во инфраструктура и алатки кои ќе го олеснат работењето на медиумите и ќе им овозможат да останат релевантни во дигиталната ера. Обезбедувањето финансиска поддршка за самостојните новинари и малите медиуми, како и промоцијата на успешни примери, ќе ја врати довербата и интересот за новинарството кај младите.

Само преку ваков интегриран пристап може да се постигне одржлив напредок и да се изградат услови за квалитетно, критичко и професионално новинарство. Ова не само што ќе го унапреди медиумскиот пејзаж во Македонија, туку ќе придонесе и за поинформирано и одговорно општество кое ќе се соочи со предизвиците на современото време.

Funded by
the European Union

ОВОЈ ИЗВЕШТАЈ Е ИЗРАБОТЕН ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ „ИНФОРМИРАНИ ЛОКАЛНИ ЗАЕДНИЦИ: МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И ЕТИЧКО ИЗВЕСТУВАЊЕ СПОРЕД ЕУ СТАНДАРДИ“ Е ПОДДРЖАН ПРЕКУ ПРОГРАМАТА ЗА МАЛИ ГРАНТОВИ НА „ТРЕНИНГ-АКАДЕМИЈА ЗА НОВИНАРИ И МЕДИУМСКИ РАБОТНИЦИ – Т-АЈМ“ ФИНАНСИРАНА ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА.